Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 29-та седница одржана на 27.07.2020 година, во врска со Предлогот бр.03-3026/1 од 24.07.2020 година за покренување прекршочна постапка против Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор, по претставка (иницијатива на физичко лице) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-3019/1 од 24.07.2020 година и утврди прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

2. Советот заклучи против Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, на 15 јули 2020 година, играниот филм „Три дена во септември“, беше погрешно категоризиран и означен како програма од втора категорија (8+) и беше емитуван во несоодветен временски период од денонoќието – пред 20 часот.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр. 02-3025/2

27.07.2020 година

С к о п ј е

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ